Уп. Бр.08-89/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување единствена контрола од страна на САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о., Улица Минажикова бр. 6, Марибор, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 19.06.2023 година, а дополнето на 21.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија со која САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., ќе стекне единствена контрола над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о., Улица Минажикова бр. 6, Марибор, Словенија, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.** (Салус) е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на САЛУС, Љубљана, д.д. кое е матично друштво на групацијата на

друштва Салус ("Групација Салус"). Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС и Санолејбор д.д. ("Санолејбор"), чии главни дејности се трговија на големо (Салус и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активна преку своето претпријатие-ќерка ЦАРСО ПХАРМ, дооел Илинден, улица 34 бр. 5А, Илинден, активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи.

**Фармадент** трговија, производство и услуги д.о.о (Фармадент) е активно во трговијата на големо, првенствено тргување со лекови за луѓе, но и со продажба на други производи за здравствена заштита и благосостојба, како што се оние наведени погоре за Салус (со исклучок на медицинска опрема). Фармадент има едно претпријатие-ќерка во целосна сопственост, ГоФарм д.о.о. кое е веледрогерија во гореспоменатите области.

Фармадент и ГоФарм д.о.о. не се активни во Северна Македонија.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**